*Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*

**УДК: 327:355(73:567)**

# КРАЈ НА АМЕРИКАНСКИОТ ВОЕН (АВАН)ТУРИЗАМ: КРИТИЧКИ ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО ИРАК

***Кратка содржина***

*Ризичен е потегот да се имплементира западниот либерален систем во земји кои немаат либерална традиција. Втемелувањето на демократските принципи и вредности со помош на воени средства се покажа неуспешен и честопатти се претвора во идеологија за доминација врз земјите опоненти на западот. Манипулацијата со информациите од страна на САД поврзани за војната во Ирак остави сомнежи кои долго време ќе се одразуваат врз нивната надворешна и безбедносна политика. Обидот по присилен пат да се отвори Ирак кон светот со цел да се воспостават нови облици на соработка, доведе до фрагментација на земјата по разни основи, придонесе за нејзино маргинализирање од светските случувања и предизвика жесток натпревар меѓу учесниците за експлоатација на природните ресурси.*

***Клучни зборови:*** *ИРАК, ПРИЧИНИ, МАНИПУЛАЦИЈА, ВОЈНА, НАФТА, ПОСЛЕДИЦИ.*

## *Пред воената интервенција - причини*

По драматичните терористички напади во САД, транснационалниот тероризам беше виден како нова опасност за светскиот мир и стабилност. Конечно после една деценија единствената супер сила Соединетите Американски Држави и сојузниците, го пронајдоа (не)дефинираниот непријател со кои лесно ги оправдаа глобализираниот милитаризам и новите безбедносно-воени концепти за глобално дејствување. Со објавувањето на глобалната војна против тероризмот, западните земји се соочија со редица потешкотии, кои се однесуваа на причините за војна, формирање коалиција за подршка на војната, меѓународната правна рамка и сл. Иако непријателските релации меѓу САД и Ирак датираат многу поодамна од времето на инвазијата на Ирак врз Кувајт во 1990 год., при што следеше Првата Заливска војна (1991 год.) меѓу мултинационалната воена коалиција сочинета од 34 нации одобрена од ООН и Ирак. Всушност во текот на 90-тите години на минатиот век, воените дејствија против Ирак продолжиле континуирано од страна на САД и Обединетото Кралство преку бројни воздушни напади во 1993, 1996, 1998 - 2000

год., како и низ редица на санкции, изолации и ембарга.[1] Овие случувања придонеле земјата да изгледа дезинтегрирано по разни основи и постојано да биде "мета" на меѓународните авторитети кои ги тестирале своите воени способности (операции - „*Пустински штит*" во 1990 год., „*Пустинска бура*" во 1991 год., „*Пустинска лисица*" во 1998 год. ) врз Ирак.

Исто така на почетокот на 21 век меѓународните случувања одеа на штета на Ирак. Најпрвин се бараше начини како да се симне режимот од власт, иако причините за воена интервенција навидум изгледаа вистинито и оправдано, сепак беа компромитирани од повеќе аспекти. При обраќањето на поранешниот претседател на САД, Џорџ Буш пред Генералното Собрание на ООН во 2002 год. истакнал неколку поплаки кон ирачкиот режим а се однесувале на следново : (1)Ирак ги подржувал терористичките организации, се претпоставувало дека терористите на Ал Каеда пребегале од Авганистан и се стационирале во Ирак; (2)екстремно се прекршувале човековите права и слободи; (3)Ирак произведувал и употребувал ОМУ;[2](4) Ирак ја искористувал програмата „нафта за храна" на ООН со цел да набавува оружје. Поради овие констатации била донесена резолуцијата 1441 од Советот за безбедност на ООН со која бил присилен режимот на Садам Хусеин да се придржува до обврските за разожурување (поткрепено и со неколку претходни резолуции од 90-тите години) кои не се однесувале само на ОМУ туку и на забрана на конструкции за одредени видови на проектили, како и забрана за увоз на недозволени оружја.[3] Со оваа резолуција се наметнала строга инспекција над режимот во Ирак кој требал да докаже дека не располага со оружје за масовно уништување. Покрај тоа што инспекциите на ООН (Меѓународната агенција за атомска енергија) не пронашле ниту еден документиран доказ за поседување на ОМУ, констатирале дека режимот на Садам Хусеин не се придржувал до резолуциите во кои се укажува на уништување на проектилите кои го надминуваат ограничениот домет. Ова било тригер за САД, да објават војна на Ирак (2003 год.) без претходно одобрување од страна на ООН и без внимание дали ќе има реперкусии врз меѓународното право.[4] На тој начин

---

[0] Moller, B (ed.) 2001, *Oil and Water: Cooperative Security in the Persian Gulf,* I.B.Tauris & Co Ltd, N.Y.

[2] Според извештаите на *UNSCOM* (United Nations Special Commission) Специјална комисија на ООН , кога таа започнала со работа во Ирак, после Првата Заливска војна (1991 год.), Ирак негирал дека поседува било каква програма за производство на биолошко оружје, при што комисијата го констатирала токму спротивното. Потенцирано е дека Ирак имал произведено 19000 литри ботулинум, 8400 литри антракс и 2000 литри афлатоксин и клостридиум.Додека според изјавата на поранешниот британски примиер Тони Блер во декември 1999 год. било посочено дека од 1991 до 1996 год. инспекторите уништиле и онеспособиле 48 Скад проектили, 49000 хемиска муниција , 690 тони хемиски агенси, 3000 тони претходни хемикалии како и фабрика за биолошко оружје. Види во :Roshandel, J 2001, 'Towards cooperative security in the Persian Gulf' in : Moller B (ed.), *Oil and Water: Cooperative Security in the Persian Gulf,* I.B.Tauris & Co Ltd, pp. 248-71.

[3] United Nations, Security Council 2002, *Resolution 1441.* United Nations.

[4] George, S 2004, *The Bubble of American Supremacy.Correcting the Misuse of American Power,*

погрешната перцепција на бушовата администрација[5] за ОМУ се смета за главна причина за војната како и за наметнување на својот личен став за воената инвазија врз меѓународните организации (ООН, НАТО, ЕУ) и манипулирање со нивните одлуки. Со тоа уште еднаш била понижена улогата на меѓународните организации и нивниот кредибилитет во вакви ситуации.

Симптоматично е тоа што во истиот период при обраќањето на поранешниот претседател на САД пред Генералното Собрание на ООН, донесувањето на резолуцијата 1441, како и дозволата за употреба на воена сила против Ирак (*Authorization for use of military force against Iraq - october 16, 2002*), донесена е Стратегијата за национална безбедност на САД (септември 2002 год.). Во која се промовирани концептите на превентивни војни и превентивни напади кои се наменети за симнување на режимите кои штетат на американските интереси и не се компатибилни со западните вредности.[6] Имено, со оваа „*голема стратегија*" започнува воениот (аван) туризам, арогантниот унилатерализам, хипермоќност и милитаристички менталитет и влијание на воената сила како двигател на надворешната политика. Особено е наменета за оние земји кои не се придржуваат до демократските вредности и се закана за светскиот мир, кои често служат како „алиби" за „воени авантури" надвор од националните граници. Како резултат на оваа стратегија и за компатибилност со американските сојузници, девет месеци подоцна (2003 год.) од страна на високиот преставник за надворешна безбедносна и одбранбена политика на ЕУ, Хавиер Солана направен е нацртот на Европската безбедносна стратегија.[7]

### *За време на инвазијата*

Со воената окупација на Ирак започнаа да се градат новите сојузништва и недефинирани коалиции со земји кои дотогаш не биле актуелни во меѓународните случувања. Ризичните партнерства со новите земји за операцијата „*Слобода за Ирак*" се формираа на мошне суров начин низ геслата на поранешниот претседател на САД *Џорџ Буш* „ако не сте со нас тогаш сте против нас" или пак на поранешниот државен секретар на САД, *Колин Пауел*, „кога се чувствуваме силно околу некоја

Public Affairs, New York.

[5] Според истражувањето на две американски непрофитни новинарски организации *Центарот за јавен интегритет* и *Фондацијата за независност во новинарството* заклучено е дека две години по нападите на 11 септември 2001 год., поранешниот претседател на САД, Џорџ Буш и соработниците (Колин Пауел, Доналд Рамсфелд, Пол Волфовиц, Кондолиза Рајс , Дик Чејни и др.) дале 935 неточни изјави и информации за Ирак, а се поврзани за ОМУ и врските со Ал Каеда. „Буш и соработниците дале 935 неточни изјави". *Дневник*[Скопје], 25 јануари 2008: 13.

[6] National Security Strategy of United States of America, September 2002; Kegley,WC & Wittkopf , RE 2004, *World Poltics Trend and Transformation,*Thomson Learning, London.

[7] Garton, ET 2006, Slobodan Svet: Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada, Samizdat B92, Beograd, str.127.

работа, ние ќе ја водиме, дури и кога никој не нè следи". Низ ваков пристап повеќето помали и послабо развиени земји беа приморани да партиципираат во мисијата доколку би сакале да имаат пристап до американските пазари и да добијат поддршка за остварување на виталните национални интереси (меѓународно признавање, интеграција во НАТО, ЕУ и СТО, финансиска помош од ММФ и СБ и сл.) во спротивно би се нашле на "црната листа". Очигледно САД не можеле "сами против сите", ниту пак можеле да ги убедат долгогодишните сојузници од НАТО, од кои само 12 земји членки ја подржиле операцијата. Поради тоа биле покренати низа воени прашања околу способноста на европските членки на НАТО, да овозможат и одржат воени единици кои ќе можат да одговорат на оваа мисија. Исто така била тестирана и нивната заедничка глобална ефикасност и соработка.

Сепак, оваа војна доби поинакви размери, најпрвин стекна етикета на војна на Западот против Исламот, или демократскиот против недемократскиот свет. Што автоматски водеше кон омразеност и угнетеност на вториот од страна на првиот свет, заради тоа имаше и енормен пад на рејтингот на западните земји во меѓународните односи.[8] Се појавија масовни протести во кои учествувале од пет до триесет милиони демонстранти во околу 60 земји низ светот, а најмногу од нив биле токму во западните развиени земји.[9] Но, без разлика на незадоволството во глобални рамки, сепак сојузничките сили успеале за неколку месеци да ја добијат војната во Ирак, а како резултат на тоа Советот за безбедност на ООН ја донел резолуција 1483 со која ја признал окупацијата на Ирак и добила легитимен правен основ. Всушност, оваа резолуција имала ретроактивно дејство и ја озаконила воената окупација која претходно не била одобрена од ООН.

Покрај овие констатации на светската јавност и било познато дека станува збор за отворање на Ирак кон глобалните пазари и слободен пристап на западните земји до природните ресурси на земјата. Иако военото присуство во регионите богати со нафтени резерви е многу пооддамна, поткрепено со доктрината на поранешниот американски претседател *Џими Картер* од 80-тите години на 20 век за кого присуството во Персискиот залив преставувал витален американски интерес.[10] Оттука, произлегува суштината на воената интервенција и присуството на американските вооружени сили цели две децении, почнувајќи од Првата Заливска

---

[8] После нападите на 11 септември 2001 год. и војните во Авганистан и Ирак чувствата на земјите од муслиманскиот свет спрема САД биле крајно негативни. На пример во Јордан биле 93%, во Пакистан 61%, во Мароко 68% и во Турција 63%. A Year After the Iraq War, Pew Research Center for the People and the Press, 16 march 2004.

[9] Види во: Pavlovic, V 2009, *Drustveni pokreti i promene*, Sluzbeni glasnik i Zavod za udzbenike, Beograd, str.223.

[10] Во текот на 70-тите години на минатиот век безбедноста на нафтата го одредувала новиот пристап и размислување во воената сфера на САД а придонела и до радикални ефекти врз позицијата на вооружените сили. Ако се земе предвид дека во тоа време американската централна команда(CENTCOM) превземала одговорност за Персискиот залив и пошироко. Види во: Show, MD 2008, *National Security for a New Era:Globalization and Geopolitics After Iraq*, 3rd edn, Pearson Longman, p.394.

војна во 1991 год. до денес. Според статистичките податоци на ОПЕК, Ирак како земја членка на оваа организација поседува 115 милијарди барели на нафта (11% од светските резерви на нафта) и преставува четврта земја во светот по нафтени резерви. Во тој контекст *Томас Фридман* ја објаснува петрополитиката на тој начин што вели „во земјите богати со нафтени ресурси цената на нафтата и патеката на слободата секогаш се движат во спротивна насока". Како што тоа го прават *Владимир Путин* во Русија и *Хуго Чавез* во Венуцуела. Всушност од десетте земји (членки на ОПЕК) со најголеми резерви на нафта во светот, осум од нив (Саудиска Арабија, Иран, Ирак, Кувајт, ОАЕ, Венецуела, Либија, Нигерија) биле или сè уште се со автократски режими.[11]

Оттука констатираме дека снабдувањето со енергетски потенцијали од други земји со поинакви вредности од западните е доста ризичен потег и носи неизвесна судбина за земјите и народите кои имаат пристап до изворите на енергија и оние кои немаат пристап. При што безбедноста во областа на енергетиката ќе преставува еден од круцијалните проблеми во 21 век. Поради тоа се очекуваат нови политички, економски и општествени флуктуации и потреси и можност од појава на судири помеѓу производувачите (недемократските земји) и потрошувачите (демократските земји) на енергенси.

### *После војната - искуства и последици*

Отсуството на надворешен непријател, преставуваше голем проблем вооружените сили да пронајдат нова улога. Низ призма на глобалната војна против тероризмот се појавија неколку контрадикторности кои доведоа до дестабилизација и поместување на "тектонските плочи" во меѓународните односи, а тоа се однесува на следново: а) во услови на современата глобализација лесно се наоѓаат нов/и "недефиниран/и непријател/и", па макар и да се измислат; б) не се знае почетокот и крајот на војната; в) нема конкретно дефинирана територија - „војната е таму каде што се и непријателите" (може да зафати цел регион) и г) заканите се мултиплицирани и варираат од една до друга крајност.

Сметаме дека моќта на големите сили им дозволува да оперираат на туѓа територија, да си дозволат "самоодбрана" и неограничена дозвола за "лов на терористи" во било која земја, без притоа да размислат дали ги прекршуваат меѓународните права, демократски вредности и слободи. Меѓутоа на светската јавност и беше познато дека Ирак воопшто не располагал со ОМУ ниту пак бил упориште на Ал Каеда или имал некаква поврзаност со терористичките напади врз САД. Оттаму се поставуваат прашањата дали можат да се имплементираат либералните норми и вредности во земји кои воопшто немале либерална традиција?

---

[11] *OPEC Share of World Crude Oil Reserves 2009*, Viewed 19 April 2011,< http://www.opec.org/opec_ web/en/data _graphs/330.htm>.

Дали примената на неолибералниот модел ќе резултира со успех во општествата од третиот свет како Ирак и дали истиот ќе им донесе мир?

Во текот на осум годишната војна (2003-2011), се случија редица промени како во Ирак така и на глобален план. За овој период режимот на Садам Хусеин беше срушен и Ирак од автократска земја премина во категоријата на земји со хибридни режими. Иако во изминативе неколку години на глобално ниво во пораст е бројот на автократските режими а опаѓаше бројот на демократските земји во светот. Но, со промената на власта во Ирак не се подобри состојбата во земјата, напротив таа е далеку од стабилна, а земјата е уште повеќе фрагментирана и поделена по разни етнички, религиски и идеолошки основи, кои водат кон конфликтност и омразеност помеѓу спротивставените групи. Тоа го успорува нејзиниот процес на модернизација и стабилизација и ја оддалечува од позицијата која ја имала во времето на 90-тите години на 20 век, која била круцијален актер во Персискиот Залив и Средниот Исток.

На економски план со почетокот на воената окупација постојано растел бројот на странски директни инвестиции.[12] Земјата имала осцилациона стапка на економски раст, која била најизразена во 2008 и 2011 год. и достигнала до 9.5 %, односно 9.6% БДП. Но, без разлика на тоа според БДП по глава на жител каде што е земена предвид класификацијата на *Светска банка,* Ирак се наоѓал во групата на земји со низок среден доход по глава на жител кој изнесува од 1006 до 3975 долари, односно во 2010 год. достигнал 3562 долари БДП по глава на жител. Додека во периодот на владеење на Садам Хусеин (во 2002 год. пред воената инвазија), БДП по глава на жител изнесувал 3480 долари.[13] Овој индикатор покажува дека економската состојба во Ирак пред десет години воопшто не била полоша, односно била речиси иста како денешната состојба, без разлика што земјата се соочувала со редица економски санкции и изолација кои сериозно ја нарушиле нејзината економија.

Патем Ирак се соочувал и со други финансиски проблеми поврзани за исплаќање на репарации на богатите западни земји и нивните коорпорации. Парадоксално е тоа што дел од финансиските средства за репарација ги има исплатено на неговите окупатори (В.Британија и САД). Односно најголем процент (78%) од средствата заминале во рацете на мултинационалните коорпорации како што се *Halliburton*, *Mobil*, *Shell*, *Nestle*, *Pepsi*, *Philip Morris*, *Sheraton* и др.[14] Кои го обвинувале режимот на Садам Хусеин за намалување на нивниот бизнис поради инвазијата на Ирак врз Кувајт. Уште една констатација дека „скриената рака на пазарите никогаш нема да работи без скриената тупаница“,[15] е аргументот што земјата била приморана да позајмува финансиски средства од Меѓународниот

[12] Foreign direct investment, net flows 2012, The World Bank, Viewed 25 January 2012, <http://data.worldbank.org /indicator/>.

[13] GDP per capita, PPP, The World Bank, Viewed 5 March 2012, <http://data.worldbank.org/indicator/>.

[14] Klein, N 2004, *Why is war-torn Iraq giving 190,000 to Toys R Us*?, Guardian 16 October ,viewed 7 May 2012,<http://guardian.co.uk/world/2004/oct/16/iraq>.

[15] Превземен цитат од: Vidojevic, Z 2005, *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd, str.77.

монетарен фонд кој ја присилувал да се придржува до условите и рестрикциите кои доаѓале со кредитот.

Од друга страна после заминувањето на американските трупи од Ирак, останаа да работат западните нафтени компании како *Shell*, *British Petroleum* (В.Британија), *ExxonMobil* (САД) кои заедно со останатите незападни нафтени компании *Lukoil* (Русија) и *China National Petroleum Corporation* (Кина) ја претворија земјата во нови ривалства чии дејствија можат да индуцираат судири меѓу нациите и државите кои дополнително ќе ја влошат состојбата во земјата.[16] Очигледна е современата форма на експлоатација, особено ако се земе предвид дека од почетокот на воената интервенција до денес трговските односи меѓу САД и Ирак од година во година рапидно се зголемувале, но трговијата повеќе се одвивала на релација од Ирак кон САД, отколку обратно.[17]

Од претходно изнесеното констатираме дека либерализацијата на земјата, преку слободниот проток на добра и услуги не допринеле за подобрување на нејзината економско-социјална состојба. Од друга страна иако за Ирак се вели дека е изолирана земја, сепак, таа членува во редица меѓународни незападни организации како Arab League, OAPEC (*Organization of Arab Petroleum Exporting Countries*), OIC (*Organization of the Islamic Conference*), OPEC (*Organization of Petroleum Exporting Countries*).

Што се однесува до глобалните промени кои настанаа како резултат на глобалната војна против тероризмот (земајќи ги предвид војните во Авганистан и Ирак) го констатираме следново:

1. Се најави почетокот на глобализираната милитаризација, при што фрустрацијата, беше "лечена" со енормно издвојување на финансиски средства за воена технологија и опрема. За период од една деценија (2001-2010) трошоците за одбрана на земјите од целиот свет (вклучувајќи ги и САД) пораснале за 50%, додека за истиот период САД ги зголемиле трошоците за воените потреби за 81%. Така што на државите и меѓународните организации им е дадена невидена разорна воена моќ и софистицираност како што се управување со сателити, контрола на банкарски сметки, хакерство, роботика и микро технологии, беспилотни летала, интерконтинентални ракети и сл. Само за воената интервенција врз Ирак биле вклучени командни седишта во САД и Катар, воздушни бази во Кувајт и Европа, вооружени трупи од неколку континента и сателити кои ја покриваат целата земјина топка. При што од почетокот на инвазијата до 2011 год. во Ирак биле распоредени повеќе од 1.5 милиони американски трупи.[18] Додека околу 250 000 американски војници

[16] Western oil firms remain as US exits Iraq, viewed 8 January 2012, <:http://www.globalresearch.ca/index.php?context=va&aid=28543>.

[17] Trade in Goods with Iraq, United States Census bureau,Viewed 7 May 2012 < http://www.census.gov/ foreign-trade/ Balance/c5050.html>.

[18] Marshall, CT 2011, *Obama: Troops bear burden of success in Iraq war,* U.S. Department of

биле стационирани во 120 земји низ светот а нивните воени бази во странство изнесувале околу 1000.[19] Меѓудругото се проценува дека трошоците на САД за војната во Ирак ги надминале трошоците за било која војна водена после Втората светска војна (вклучувајќи ја долгогодишната војна во Виетнам која достигнала до 536 милијарди долари). Тоа го поткрепува лауреатот по економија *Џозеф Стиглич* кој калкулирал дека војната во Ирак можеби чинела околу 3 трилиони долари;[20]

2. Бројот на макро терористички напади во последната деценија (2001-2011) достигнал до 2400 што е за двапатти повеќе во споредба со бројот на терористички напади за периодот од 1991 до 2001 год. При што бројот на жртвите од терористички напади од 2001 до 2011 год. се искачил на 37 000 луѓе и преку 70 000 повредени од кои повеќе од 60% од жртвите биле во Авганистан и Ирак.[21] Ова покажува дека присуството на западните вооружени трупи на Средниот Исток и воените интервенции врз Авганистан и Ирак придонеле за енормен пораст на терористичките акти, особено оние со религиозна позадина.[22] Што се однесува само за последиците од војната во Ирак вкупниот број на жртвите изнесувал 162333 ( 157531 ирачани и 4802 американски и сојузнички војници) од кои 79 % биле цивили, а биле раселени и неколку милиони граѓани;[23]

3. Цената на нафтата во месец март 2003 год. (неколку дена пред почетокот на воената интервенција) се движела околу 25 долари за барел, пет години подоцна (во 2008 год.) ја достигнала највисоката вредност од 147 долари за барел. Што многумина аналитичари сметаа дека била важен причинител за економското заостанување и навлегување во длабока глобална рецесија. Денес цената за барел нафта изнесува 112 долари, а е резултат на

---

Defense of United States of America, 15 December, Viewed 5 May 2012, <http://www.defense.gov/News Article.aspx?ID=66496>.

[19] Solte, AJ 2009, *Globalizacija :kriticki uvod*, 2nd edn, CID, Podgorica, str.70; Vine, D 2009, *Too many overseas bases*, 25 February, Foreign Policy in Focus, viewed 26 November 2011,< http: // www.fpif.org/articles/ too_many_ overseas_bases>.

[20] Stiglitz, J & Bilmes, L 2008, *The Three Trillion Dollar: The True Cost of the Iraq Conflict,* WW Norton & Co Inc.

[21] Terrorism Risk in the Post-9/11 Era: A 10 - Year Retrospective 2011, Viewed 10 April 2012, <http://www.rms.com/Publications/9_11_Retrospective.pdf >.

[22] Во Ирак состојбата под водство на Садам Хусеин била прилично подобра, отколку по воената интервенција на САД. Затоа што стапката на смртност пред инвазијата изнесувала од 5.5 на 1.000 во текот на една година, за разлика во периодот после инвазијата бројката изнесувала повеќе од двојно или 13.3 на 1.000 годишно. Така што бројот на жртвите бил многу поголем за време на интервенцијата отколку ако воопшто немало воена интервенција. Ачарја, А 2009, 'Човечка безбедност', во: *Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи*, (превод), Табернакул, Скопје, стр. 490-505.

[23] Iraqi deaths from violence 2003-2011,Viewed 25 April 2012, <http://www.iraqbodycount.org/ analysis /numbers/ 2011/>.

повлекувањето на американските трупи од Ирак.[24] Движењето на вредноста на нафтата ја земавме предвид, бидејќи преставуваше тригер за пораст на цената на храната и останатите продукти со што сериозно ги дестабилизира сиромашните земји од Африка и Азија. Некои од погодените земји завршија со востанија и граѓански војни. Постојат размислувања дека Соединетите Американски Држави имале намера да влијаат врз земјите од ОПЕК или пак да ја растурат оваа организација, и да поттикнат поголем извоз на ирачката нафта кон западните земји на тој начин непосредно би се стимулирал американскиот раст. Затоа што настојуваат да ги истакнат своите нафтени компании, да ги контролираат стратешките светски резерви на нафта и да го обезбедуваат патот по кој таа ќе се движи. Така ја одредуваат цената на нафтата на глобално ниво.

Овие констатации говорат за геостратегиските игри на големите сили кои можат да бидат опасни "авантури", и да оставаат безбедносни импликации а патем лесно можат да доведат до регионална или глобална нестабилност. После десет години од лажните слики за Ирак се поставува прашањето дали земјата е во подобра состојба или не? Дали ирачаните се побезбедни и имаат подобар стандард на живеење од порано? Секако, режимот на Садам Хусеин беше синоним за кршење на човековите права и слободи и за авторитативно управување со земјата. Но, денес на ирачаните не им е подобро, а тоа го потврдивме со помош на неколку показатели кои ја оценија состојбата во Ирак. Сегашната таканаречена "неолиберална демократска влада" во Ирак почесто користи репресивни методи на измачување, злоставување, апсења без судење, илјадници лица осудени на смрт и сл. Оттука сметаме дека американците биле поголема закана за мирот и просперитетот на Ирак, отколку Садам Хусеин. Очигледно нивниот западен (неолиберален - капиталистички) модел на управување во ваква земја е тешко остварлив, речиси нереален и залуден. Обидот да се отвори Ирак кон светот само ја "прели чашата" и придонесе за нестабилност на земјата и поизразена борба меѓу големите актери за профитот и доминацијата врз ирачките ресурси.

### *Заклучок*

Бројни универзитети во светот ги проучуваат причините, искуствата и последиците од војната во Ирак. Сама по себе прерасна во посебна научна дисциплина наречена „иракологија". Без разлика дали ќе ја проучуваме од безбедносен, воен, политички, економски или еколошки аспект секој истражувач ќе ја пронајде својата потесна улога во истата. Иако крајните констатации се заеднички и не водат кон размислување дека големите сили се обидуваат да го трасираат патот

[24] Organization of the Petroleum Exporting Countries 2012, Viewed 7 May 2012, <http://www.opec.org / 2012>.

по кој ќе се движи светот според свои зацртани концепти, без да размислат дали тие се вистинските, колку се оправдани од светската јавност, какви се последиците доколку не успеат. Секако “девидендата“ е пресметана а тоа е прифаќање на американските (политички, економски, културни) обележја како светски стандарди според кои сите останати земји треба да се раководат.

Оваа војна го “крунисаше“ почетокот на 21 век и остави длабок траг за сеќавање по глобалната милитаризација, глобалната финансиска криза, глобалните закани и ризици и глобалната експлоатација на ресурси. Исто така ја прикажа сликата за нарушената рамнотежа меѓу *„силата“, „правата“ и „интересите“* на државите и меѓународните организации. Последиците кои ги истакнавме на национално и глобално ниво покажуваат дека дури и најразвиените водечки земји во светот, кои имаат широк дијапазон за глобално дејствување, немаат механизам за изведување на “хируршки“ прецизни операции. Брзата победа на САД против Ирак се смета за јалова и деморализирана во однос на долгорочните последици кои следеа и со каков облик и размер беа истите.

***Литература***


Ачарја, А 2009, 'Човечка безбедност', во: *Глобализацијата на светската политика: вовед во меѓународните односи*, (превод), Табернакул, Скопје, стр. 490-505.

Brzezinski Z., *The Choise: Global Domination or Global Leadership* Basic Books, New York, 2004.

Foreign direct investment, net flows 2012, The World Bank, Viewed 25 January 2012, <http://data.worldbank.org /indicator/>.

Fukujama, F 2007, *Amerika na prekretnici - Demokratija, moc i neokonzervativno zavestanje,* CID Podgorica.

Garton, ET 2006, Slobodan Svet: Amerika, Evropa i iznenadujuca buducnost Zapada, Samizdat B92, Beograd.

GDP per capita, PPP, The World Bank, Viewed 5 March 2012, <http://data.worldbank. org/ indicator/>.

George, S 2004, *The Bubble of American Supremacy.Correcting the Misuse of American Power*, Public Affairs, New York.

Iraqi deaths from violence 2003-2011,Viewed 25 April 2012, <http://www.iraqbodycount. org/ analysis /numbers/ 2011/>.

Kegley,WC & Wittkopf , RE 2004, *World Poltics Trend and Transformation,*Thomson Learning, London.

Kissinger, H 2003, *Treba li amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece*, Golden marketing, Zagreb.

Klein, N 2004, *Why is war-torn Iraq giving 190,000 to Toys R Us*?, Guardian 16 October ,viewed 7 May 2012,<http://guardian.co.uk/world/2004/oct/16/iraq>.

Marshall, CT 2011, *Obama: Troops bear burden of success in Iraq war,* U.S. Department of Defense of United States of America, 15 December, Viewed 5 May 2012, <http://www.defense .gov/News Article.aspx?ID=66496>.

Moller, B (ed.) 2001, *Oil and Water: Cooperative Security in the Persian Gulf,* I.B.Tauris & Co Ltd, N.Y.

National Security Strategy of United States of America, March 2006.

National Security Strategy of United States of America, September 2002.

National Strategy for Victory in Iraq, National Security Council, November 2005.

*OPEC Share of World Crude Oil Reserves 2009*, Viewed 19 April 2011,< http://www. opec.org/ opec_web/en/data _graphs/330.htm>.

Pavlovic, V 2009, *Drustveni pokreti i promene*, Sluzbeni glasnik i Zavod za udzbenike, Beograd.

Show, MD 2008, *National Security for a New Era:Globalization and Geopolitics After Iraq*, 3rd edn, Pearson Longman.

Solte, AJ 2009, *Globalizacija :kriticki uvod*, 2nd edn, CID, Podgorica.

Stiglitz, J & Bilmes, L 2008, *The Three Trillion Dollar: The True Cost of the Iraq Conflict,*WW Norton & Co Inc.

Terrorism Risk in the Post-9/11 Era: A 10 - Year Retrospective 2011, Viewed 10 April 2012, http://www.rms.com/Publications/9_11_Retrospective.pdf .

Trade in Goods with Iraq, United States Census bureau,Viewed 7 May 2012 < Balance/ c5050.html>.

United Nations, Security Council 2002, *Resolution 1441.* United Nations.

Vidojevic, Z 2005, *Kuda vodi globalizacija*, Filip Visnjic, Beograd.

Vine, D 2009, *Too many overseas bases*, 25 February, Foreign Policy in Focus, viewed 26 November 2011,< http: //www.fpif.org/articles/ too_many_ overseas_bases>.

Western oil firms remain as US exits Iraq, viewed 8 January 2012, <:http://www. globalresearch. ca/index.php?context=va&aid=28543>.

*Goran ZENDELOVSKI*

## END OF U.S. MILITARY (ADVEN) TURISM: CRITICISM OVERVIEW OF THE SITUATION IN IRAQ

***Summary***

*Risk is a move to implement the western liberal system in countries which have liberal tradition. Establishing liberal democratic principles and values by using military means proved unsuccessful and often turn into an ideology of domination over countries opponents of the West. Manipulations with information from the U.S. side connected to the Iraq war left suspicions which for a long time points are reflected on their foreign and security policy. The attempt by forced to opening Iraq toward the world in order to establish new forms of cooperation, leading to fragmentation of the country on various grounds, for its contribution to the marginalization of various world happenings and triggered fierce competitions among participants for exploration of natural resources.*

***Key words:*** *IRAQ, REASONS, MANIPULATION, WAR, OIL, CONSEQUENCES.*